Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

МЕПСО

Бр.-Nr. 02-2453/1
16.05 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - ШКУП

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+389 (0) 23 149 811
Подружница ОЕПС
+389 (0) 23 149 814
Подружница ОПМ
+389 (0) 23 149 813
Ф: +389 (0) 23 111 160
www.mepso.com.mk

MEPSO

Maksim Gorki nr.4, 1000 Shkup
T: Kabineti i drejtorit gjeneral
+389 (0) 23 149 811
Njësia OST
+389 (0) 23 149 814
Njësia ORrT
+389 (0) 23 149 813
F: +389 (0) 23 111 160
www.mepso.com.mk

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 28.04.2025 година од Portalb.mk, преку Џенис Сулејмани, новинар, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА** барањето од Portalb.mk, преку Џенис Сулејмани, новинар, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Portalb.mk, преку Џенис Сулејмани, новинар, делумно да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис, по електронска пошта.

## Образложение

Барателот на информацијата – Portalb.mk, преку Џенис Сулејмани, новинар, на ден 28.04.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое ги бара следните информации од јавен карактер:

- Процент и број на вработените во институцијата поделен по етничка припадност.
- Органограм со раководни позиции на институцијата и имињата кои ги водат истите
- Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување на вработените

Информацијата ја бараат во електронски запис, по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека за предметното барање треба да се спроведе тест за штетност согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за

Në bazë të nenit 20, nenit 25 dhe nenit 6 të Ligjit për qasje të lirë në informacionet me karakter publik (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 101/19), në lidhje me kërkesën e paraqitur përmes postës elektronike më 28.04.2025 nga Portalb.mk, përmes gazetarit Xhenis Sulejmani, Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëria aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup (si mbajtës i informacionit), miratoi , si në vijim:

## AKTVENDIM

**PJESËRISHT REFUZOHET** kërkesa nga Portalb.mk, përmes gazetarit Xhenis Sulejmani, për qasje në informacione me karakter publik.

I mundësohet parashtruesit Portalb.mk, përmes gazetarit Xhenis Sulejmani, që të njihet pjesërisht me përmbajtjen e informacionit të kërkuar në formë të regjistrimit elektronik, përmes postës elektronike.

## Arsyetim

Parashtruesi i informacionit – Portalb.mk, përmes gazetarit Xhenis Sulejmani, më datë 28.04.2025 ka paraqitur një kërkesë te Mbajtësi i informacionit – ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup, me të cilën kërkon informacionet vijuese me karakter publik:

- Përqindja dhe numri i të punësuarve në institucion, të ndarë sipas përkatësisë etnike.
- Organogrami me pozitat drejtuese të institucionit dhe emrat e personave që i udhëheqin ato.
- Raport nga konkursi i fundit për punësim dhe raport të fundit për avancimin e të punësuarve.

Informacioni është kërkuar në formë të regjistrimit elektronik, përmes e-mail-it.

Mbajtësi i informacionit – ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup, pas shqyrtimit të kërkesës, ka vlerësuar se për kërkesën në fjalë duhet të kryhet testi i dëmit në përputhje me nenin 20, paragrafi (2) i Ligjit

начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
При спроведување на тестот на штетност во предвид беа земени одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

По спроведениот тест на штетност се дојде до заклучок дека со објавувањето на податоците од точка 3 (Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување на вработените) од барањето дека тоа е личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.
Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРИЛОЗИ:**
Прилог 1 – Табела- процент и број на вработени по етничка структура
Прилог 2 – Органограмот и именикот се објавени на интернет страната на АД МЕПСО https://www.mepso.com.mk/index.php/mk/kontakt)

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

për qasje të lirë në informacionet me karakter publik, si dhe nenin 13 të Udhëzimit për mënyrën e zbatimit të Ligjit për qasje të lirë në informacionet me karakter publik.

Gjatë kryerjes së testit të dëmit, janë marrë parasysh dispozitat e Ligjit për mbrojtjen e të dhënave personale.

Pas kryerjes së testit të dëmit, është arritur në përfundim se publikimi i të dhënave nga pika 3 (Raporti nga konkursi i fundit për punësim dhe raporti i fundit për avancimin e të punësuarve) e kërkesës përbën të dhëna personale, zbulimi i të cilave do të nënkuptonte shkelje të mbrojtjes së të dhënave personale.

Në bazë të të lartëpërmendurave, ShA MEPSO në pronësi shtetërore Shkup, veproi në përputhje me nenin 13 të Udhëzimit për mënyrën e zbatimit të Ligjit për qasje të lirë në informacionet me karakter publik.

Bazuar në të deklaruarat, u vendos si në dispozitivin e Aktvendimit.

**BASHKËNGJITJE:**

Bashkëngjitje 1 – Tabela: përqindja dhe numri i të punësuarve sipas strukturës etnike.

Bashkëngjitje 2 – Organogrami dhe lista e emrave janë të publikuara në faqen e internetit të ShA MEPSO https://www.mepso.com.mk/index.php/mk/kontakt.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij Aktendimi, parashtruesi i informacionit me karakter publik ka të drejtë të paraqesë ankesë te Agjencia për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik, brenda afatit prej 15 ditësh nga pranimi i Aktvendimit.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**ShA MEPSO në pronësi shtetërore Shkup**

**Генерален директор / Drejtori gjeneral**
**Doc.Dr. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК/Persona zyrtar për ndërmjetësim të IKP

Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но/Dt

- Барател/Parashtruesi
- Службени лица за посредување со ИЈК/Persona zyrtar për ndërmjetësim të IKP
- Архива/Arkivi

| Национална структура | Мажи | Жени | Вкупно | Процент |
|---|---|---|---|---|
| Македонец | 390 | 128 | 518 | **84,36%** |
| Албанец | 60 | 12 | 72 | **11,73%** |
| Влав | 1 | 1 | 2 | **0,33%** |
| Турчин | 4 | 1 | 5 | **0,81%** |
| Хрват | 1 | 1 | 2 | **0,33%** |
| Бошњак | 2 | 2 | 4 | **0,65%** |
| Србин | 7 | 3 | 10 | **1,63%** |
| Ром | 0 | 0 | 0 | **0,00%** |
| Црногорец | 0 | 1 | 1 | **0,16%** |
| **Вкупно** | **465** | **149** | **614** | **100,00%** |